Приватна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
БРЕИНСТЕР НЕКСТ
Бр. 08-544/1
15.10. 6 год.
СКОПЈЕ

Приватната непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје

ИЗВЕШТАЈ

ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ НА ПРИВАТНАТА НЕПРОФИТНА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА САМОСТОЈНА ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА БРЕИНСТЕР НЕКСТ СКОПЈЕ

ЗА ПЕРИОДОТ СЕПТЕМВРИ 2025 – СЕПТЕМВРИ 2026

Согласно со Законот за високото образование (Сл.весник на РМ бр.82/2018) и Статутот на Приватната непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје, Директорот на Високата школа е должен еднаш во годината до Наставничкиот Совет и до Одборот на директори да достави ИЗВЕШТАЈ за својата работа, поаѓајќи од законските одредби за надлежностите на директорот на Високата школа, за да се добие целосен увид во работата, потребно е накратко да се отсликаат сите активности што се одвивале на Бреинстер Некст во периодот од Септември 2025 до Септември 2026 година, и тоа:

1. РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА БРЕИНСТЕР НЕКСТ СКОПЈЕ (НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ)

Во текот на академската 2025/2026 година, Наставничкиот совет на Бреинстер Некст Скопје продолжи да игра клучна улога во одржувањето и унапредувањето на академскиот квалитет на институцијата и понатамошното надградување на дуалното образование во Бреинстер Некст Скопје како прва високообразовна институција која воведе дуално образование во високото образование. И покрај предизвиците со кои се соочивме оваа академска година, Наставничкиот совет на Бреинстер Некст останува посветен на континуираното унапредување на академската средина и на обезбедување на квалитетно образование за нашите студенти.

Во текот на академската година, Наставничкиот совет одржа вкупно 13 седници. На седниците се разговараше за клучни работи од кои како посуштински можам да ги нагласам следните:

- Конкурсот за запишување на студенти на прв циклус студии на Бреинстер Некст Скопје во учебната 2025/2026 година, врз основа на кој, успешно се запишаа 83 редовни студенти, од кои 47 на студиската програма софтверско инженерство и иновации и 36 на студиската програма Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии,
- Се подготви и усвои академскиот календар за академската 2025/2026 година, како и распоредот за часови за прв и втор семестар, а исто така и распоредот на работните задачи за предавачите во академската година имајќи го во предвид законскиот максимум за оптовареноста на наставниците согласно ЗВО
- Се поставија темелите на процесот за дипломирање и изработка на дипломски труд преку усвојување на Упатството за за уредување на процедурата за изработка, пријава и одбрана на дипломски труд на Бреинстер Некст Скопје на студиската програма Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и

интерактивни технологии, а се ревидираа и некои веќе постоечки упатства, правилници и други акти.
- Усвојување на нова програма и стратегија за развој за периодот 2025-2028 година и годишен акционен план за спроведување на стратегијата
- Реализирање на процесот и усвојување на извештајот за самоевалуација на Бреинстер Некст
- Усвојување на нова студиска програма - Дигитален Маркетинг

Еден од позначајните развојни процеси во академската 2025/2026 година беше подготовката и акредитацијата на новата студиска програма Дигитален маркетинг. Со акредитацијата на програмата, Бреинстер Некст го прошири своето академско портфолио и создаде основа за воведување нова образовна насока усогласена со современите потреби на пазарот на трудот и развојот на дигиталната економија. Новата студиска програма претставува дополнителен чекор во развојот на институцијата и во проширувањето на можностите за идните студенти.

Покрај редовните активности, Наставничкиот совет работеше и на усовршување на постојните студиски програми и наставни методи, со цел да се осигура дека наставниот процес ги задоволува највисоките академски стандарди и ги подготвува студентите за реалните потреби на пазарот на трудот. Со цел натамошно подобрување на академската средина, Советот продложи да ја следи работата и да разгледува предлози од работните седници на "Оперативниот Колегиум" за унапредување на квалитетот на наставниот процес и подобрување на успехот на студентите на Бреинстер Некст Скопје, како и на "Центарот за кариера" на Бреинстер Некст Скопје, кој склучи повеќе од триесетина нови договори за меѓусебна соработка со надворешни компании, а со цел овозможување поддршка на студентите и алумните за реализирање на своите кариерни цели преку советување и поврзување со индустријата.

2. НАСТАВА

Со почетокот на студиската 2025/2026 година, Бреинстер Некст ја започна својата четврта академска година, продолжувајќи со континуиран развој на наставните и практичните активности. Воедно, беше проширен и опфатот на реализираната настава преку предметите од петтиот и шестиот семестар на студиската програма Примена на информациски технологии – Дигитален дизајн и интерактивни технологии. Во текот на академската година, институцијата успешно реализираше вкупно шест семестри во рамки на трите студиски години и на двете студиски програми.

Во рамки на студиската програма Софтверско инженерство и иновации, наставниот процес опфати широк спектар на предмети од техничка, аналитичка и применета природа, меѓу кои: Основни финансиски вештини, Професионални вештини, Дизајн на кориснички интерфејс, Структурно програмирање, Линеарна алгебра, Веб апликации, Архитектура на

компјутери, Имплементација на решение 1, Објектно-ориентирано програмирање, Бази на податоци, Тестирање на софтвер, Програмирање во Пајтон, Дигитален маркетинг и комуникации, Предмет од индустрија, Оперативни системи и Девопс, Веројатност и статистика, Алгоритми и комплексност, Машинско учење, Податочна наука, Веб 3.0, Визуелизација на податоци, Имплементација на решение 2, Претприемништво и иновации, Сајбер безбедност, Софтверско инженерство и иновации, Дистрибуирани системи и блокчејн, Обработка во облак, Виртуелна реалност, Развој на мобилни апликации, ИТ проектен менаџмент и Развој на игри.

На студиската програма Примена на информациски технологии – Дигитален дизајн и интерактивни технологии беше реализирана редовна настава во прва, втора и трета студиска година. Наставата опфати предмети како: Историја и принципи на дизајн, Векторска графика во софтвер, Визуелна комуникација, Растерска графика во софтвер, Типографија, Бренд идентитет, Компјутерска подготовка на печатени и дигитални медиуми, Имплементација на решение 1, Процес на дизајнирање на корисничко искуство, Методологии за истражување на корисничко искуство, Прототипирање, Применета математика, Софтверско дизајнирање на кориснички интерфејс, Евалуација и тестирање на корисничко искуство, Имплементација на решение 2, Дизајн на пакување, Дизајн методологија на размислување, Компјутерско програмирање 1, Анимација, Дизајн на игри, Професионални вештини и Дигитален маркетинг.

Во текот на академската година беа редовно организирани и реализирани редовни, поправни и вонредни испитни сесии за двете студиски програми, во согласност со Процедурата за организирање и одржување на испитни сесии на Бреинстер Некст Скопје.

Како високообразовна институција што применува дуален модел на образование, Бреинстер Некст и во академската 2025/2026 година продолжи со активно вклучување на експерти од индустријата во наставниот процес. На двете студиски програми беа ангажирани повеќе од 30 стручњаци од практика, кои преку своето професионално искуство придонесоа кон поврзување на наставните содржини со реалните процеси и потреби на индустријата. Експертите се професионално ангажирани во компании како Dashy Dash, Loca, Johnson Matthey, Symphony, PXC, Singular, Haselut, Ericsson, Intigriti, Blokverse, Intertec.io, Aristocrat Interactive, VITA Media Group и други.

Овој пристап ќе продолжи и во наредниот период, со цел дополнително унапредување на квалитетот на наставата, зајакнување на нејзината практична компонента и зголемување на применливоста на знаењата и вештините што ги стекнуваат студентите.

3. СТУДЕНТИ

Во академската 2025/2026 година, на Бреинстер Некст беше конституирано новото, четврто по ред Студентско собрание, согласно утврдената процедура и рокови утврдени со Одлуката за распишување избори за членови на Студентското собрание. Изборите беа спроведени транспарентно во просториите на факултетот, а за членови беа избрани студенти од двете студиски програми кои освоија најголем број гласови.

По конституирањето, новиот состав на Собранието ја усвои Годишната програма за работа за периодот 2025/2026 година, во која се дефинирани активности насочени кон поттикнување на студентската вклученост, развој на академската култура и поддршка на иницијативи од интерес на студентите.

Во текот на академската година, членовите на Студентското собрание активно работеа на реализација на дел од програмата, во координација со администрацијата и академскиот кадар на Бреинстер Некст. Активностите опфаќаат организација на настани, иницијативи за подобрување на студентскиот стандард и редовна комуникација со раководството на институцијата.

Успехот на студентите во академската 2025/2026 година ќе биде елаборирам поединечно за секоја студиска програма на Бреинстер Некст.

На студиската програма по софтверско инженерство и иновации во академската 2025/2026 година во прва година се запишаа нови 47 редовни студенти. Наставата ја следеа поделени во две групи. Во втора и трета година преминаа вкупно 73 редовни студенти.

На студиската програма по софтверско инженерство и иновации, сумиран низ бројки успехот на студентите од прва година е:

- 21.28% од студентите имаат положено 10/10 предмети; 36.17% од студентите имаат положено од 9/10 до 6/10 предмети, а 42.55% од студентите положиле помалку од 5 предмети
- На крајот на академската година вкупно 38 студенти преминаа во следната академска година, додека 9 студенти се отпишаа од студиите, а 1 студент отиде во мирување.

На студиската програма по софтверско инженерство и иновации, сумиран низ бројки успехот на студентите од втора година година е:

- 25.00% од студентите имаат положено 10/10 предмети; 41.66% од студентите имаат положено од 9/10 до 6/10 предмети, а 33.33% од студентите положиле помалку од 5 предмети
- На крајот на академската година вкупно 30 студенти преминаа во следната академска година и 1 студент е во мирување.

На студиската програма по софтверско инженерство и иновации, сумиран низ бројки успехот на студентите од трета година година е:

- 28.21% од студентите имаат положено 10/10 предмети; 46.15% од студентите имаат положено од 9/10 до 6/10 предмети, а 25.64% од студентите положиле помалку од 5 предмети
- На крајот на академската година вкупно 13 студенти дипломираа.

Присуството на студентите, од оваа студиска програма, на наставата во текот на целата академска 2025/2026 година е:
Зимски семестар - 64,06 % - наспроти Летен семестар - 53,33 % присуство

На студиската програма по Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии во академската 2025/2026 година во прва година се запишаа нови 36 редовни студенти. Наставата ја следеа поделени во две групи. Во втора година поминаа сите 42 студенти, нема ниту еден отпишан студент или студент кој ги ставил студиите во мирување.

На студиската програма по Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии, сумиран низ бројки успехот на студентите од прва година е:
- 64% од студентите имаат положено 8/8 предмети; 33% од студентите имаат положено од 5/8 до 7/10 предмети, а 3% од студентите положиле помалку од 5 предмети
- На крајот на академската година сите 36 студенти преминаа во следната академска година.

На студиската програма по Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии, сумиран низ бројки успехот на студентите од втора година е:
- 33% од студентите имаат положено 8/8 предмети; 62% од студентите имаат положено од 5/8 до 7/8 предмети, а 5% од студентите положиле помалку од 5 предмети
- На крајот на академската година сите 42 студенти преминаа во следната академска година.

На студиската програма по Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии, сумиран низ бројки успехот на студентите од трета година е:
- 57% од студентите имаат положено 8/8 предмети; 43% од студентите имаат положено од 5/8 до 7/8 предмети.
- На крајот на академската година вкупно 6 студенти дипломираа.

Присуството на студентите, од оваа студиска програма, на наставата во текот на целата академска 2025/2026 година е во прилог:

Семестар зимски - 81.69% присуство,
семестар летен - 76% присуство,

Во академската 2025/2026 година, Бреинстер Некст дополнително го разви и унапреди процесот за изработка, пријава и одбрана на дипломски труд. По воспоставувањето на процедурата за студентите од студиската програма Софтверско инженерство и иновации, оваа академска година за првпат процесот беше целосно поставен и за студентите од студиската програма Примена на информациски технологии – Дигитален дизајн и интерактивни технологии, односно за првата генерација дипломци од оваа студиска програма.

За таа цел беше воспоставена соодветна процедура и регулатива за изработка и одбрана на дипломски труд, со јасно дефинирани фази, улоги и одговорности на студентите, менторите и академскиот комитет. Процесот опфаќа избор и пријава на тема, менторска работа, следење на напредокот, академска евалуација и јавна одбрана пред академски комитет.

Паралелно со унапредувањето на нормативната рамка, во рамки на платформата I AM NEXT беа поставени темелите на посебен сегмент за дипломска работа, преку кој целокупниот процес се спроведува електронски. Преку овој сегмент студентите можат да ги следат сите чекори поврзани со дипломскиот труд, да доставуваат материјали и верзии на трудот, додека академскиот комитет има можност за централизирано следење, преглед, давање повратни информации и евиденција на напредокот.

Со ова, процесот на дипломирање беше дополнително стандардизиран, дигитализиран и направен потранспарентен, со појасна координација помеѓу студентите, менторите и академскиот комитет. Воспоставувањето на овој модел претставува значаен чекор во зајакнување на академските стандарди и во поефикасно управување со завршната фаза од студирањето.

Во текот на академската 2025/2026 година беше обезбедена практична настава за вкупно 140 студенти. Студентите беа упатени на пракса во повеќе компании и институции, меѓу кои: Brainster, Factue, Finance think, CarbonboxMedia, MK Turist, Cooking Goods, Brainster графички, Brainster AI at Work, Hoyo Tech, Diners, Ananas, Innovativa mk, Слободен печат, Maraton Advertising, Property One, Yups, Idea lab, Brainster/AIatWork, The Founder Games, Enfera, ЈУ Градска библиотека "Браќа Миладиновци", Indium play, Carbonbox media, Influera Media, Прошарај, Енрико, Start-up club Macedonia, Next Gen Podcast, Плати семестар.

Како дел од активностите за подготовка на студентите за пазарот на трудот и нивно понатамошно професионално вклучување, Центарот за кариера на Бреинстер Некст во текот на академската година реализираше повеќе активности наменети за студентите од сите студиски програми.

За студентите од сите генерации, на двете студиски програми, беше организирана кариерна сесија со Ивана Дојчиновска, насочена кон професионален развој, подготовка за процесот на вработување и подобро позиционирање на пазарот на трудот.

Дополнително, сите студенти имаа можност да присуствуваат на онлајн кариерна сесија со претставници на Michael Page, меѓународна компанија специјализирана за професионална регрутација, селекција на кадар и поврзување на компании со квалификувани кандидати. Компанијата има глобално присуство со повеќе од 100 канцеларии во над 30 земји и работи во повеќе специјализирани области на регрутација. Во рамки на сесијата студентите имаа можност да се запознаат со актуелните очекувања на работодавачите, процесите на селекција и регрутација, како и со практични насоки за пристапување кон можности за вработување.

Беше организирана и посебна сесија по англиски јазик во соработка со Lingva Link, со фокус на развивање на јазичните и комуникациските вештини потребни во професионална средина и при процеси на вработување.

Особено значаен дел од активностите беше индивидуалната работа со студентите од трета година. Вкупно 63 студенти оствари индивидуални „еден-на-еден“ кариерни сесии со раководителот на Центарот за кариера. Во рамки на овие средби се работеше на индивидуална подготовка за вработување, насочување според интересите и компетенциите на студентите, подготовка за интервјуа, професионално претставување и следните чекори во нивниот кариерен развој.

Со овие активности, Центарот за кариера обезбеди комбиниран пристап кој опфаќа групна едукација, контакт со надворешни професионалци и компании, како и индивидуална поддршка на студентите непосредно пред нивното поактивно вклучување на пазарот на трудот.

Во академската 2025/2026 година, студентите од двете студиски програми активно учествуваа на **три хакатони**, кои се одржаа во октомври 2025, мај, и јуни 2026 година. На овие настани учество зедоа повеќе од 100 студенти. Хакатоните беа реализирани во соработка со **Прилепска пиварница, Македокс, Бушава азбука**.

Во текот на академската 2025/2026 година беше спроведено и редовното мерење на **студентското задоволство** преку анкетни прашалници за евалуација на предавачите, предметната настава и целокупното студиско искуство.

- На студиската програма Примена на информациски технологии – Дигитален дизајн и интерактивни технологии, студентите ја оценија работата на професорите со просечна оцена **4.58** , а предметната програма со **4.63**.

- На студиската програма Софтверско инженерство и иновации, оцените беа **4.56** за професорите и **4.53** за предметната програма.

Покрај редовните наставни и практични активности, во текот на академската година студентите имаа пристап и до дополнителни содржини насочени кон унапредување на нивните дигитални и професионални компетенции. На сите студенти им беше овозможен пристап до AI at Work, преку серија курсеви посветени на примената на вештачката интелигенција во современото работно опкружување, со цел запознавање со алатките, можностите и практичната употреба на AI во различни професионални контексти.

Значаен исчекор во оваа академска година беше направен и во областа на меѓународната мобилност. За првпат Бреинстер Некст обезбеди квоти во рамки на програмата Еразмус+, со што на студентите им се отвори можност за учество во меѓународни образовни активности и размена на искуства со студенти и наставен кадар од други европски високообразовни институции.

Во рамки на програмата беа реализирани две кратки Blended Intensive Programme (BIP) мобилности, во Белград и во Литванија. Во овие активности учествуваа вкупно 8 студенти и двајца предметни наставници од Бреинстер Некст. Преку учеството во програмите, студентите имаа можност да работат во меѓународна академска средина, да разменуваат знаења и искуства и да ги развиваат своите професионални и интеркултурни компетенции.

Со овие активности, покрај развојот на стручните знаења во рамки на студиските програми, дополнително се поттикнаа дигиталните компетенции, интернационализацијата и изложеноста на студентите на различни образовни и професионални средини.

4. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

Во академската 2025/2026 година, Бреинстер Некст продолжи активно да ја развива својата мрежа на домашни и меѓународни партнерства, со фокус на создавање нови можности за студентите и наставниот кадар, како и на поголемо вклучување во европски образовни, истражувачки и иновациски иницијативи. Соработката со различни институции и организации придонесува кон дополнително збогатување на академското искуство, поврзување со практиката и отворање простор за учество во современи проекти од областа на дигиталните технологии, иновациите и развојот на вештини.

Во текот на извештајниот период, тимот на Брейнстер Некст работеше на подготовка и поднесување апликации на повеќе европски и меѓународни повици. Преку учеството во вакви иницијативи, институцијата настојува да обезбеди поголема изложеност на студентите и наставниот кадар на меѓународни проекти, мобилности, виртуелни размени, хакатони и програми за развој на дигитални, истражувачки и претприемачки компетенции.

Апликациите и иницијативите во кои Брейнстер Некст учествуваше во текот на извештајниот период вклучуваат:

- Horizon Europe Cluster 2: Tech4Safe (Contribution of Next professors to project activities)
- Horizon Europe WIDERA: RESCUESEE (Data visualization for climate research)
- Horizon Europe WIDERA: TREND – Rolling out the ERA Policy Agenda results (Research-to-job market approaches for Early Career Researchers, connecting with industry)
- Digital Europe: Digital Skills Academy in GenAI (AI training)
- Horizon Europe: INHERIT – Innovative approach to Intangible Cultural Heritage for societal resilience (Platform with immersive digital and AI elements for ICH documentation)
- Erasmus+ Capacity Building in Higher Education, Strand 1: L.I.V.E. Hubs (Project management (Lead), support to establishing L.I.V.E. Hubs in 4 partner universities, industry-relevant curricula, kick-off meeting and final conference)
- EIT HEI Initiative: SAIL (WP4 Lead – Student Acceleration Studio, challenge-based tracks for 1,300+ students, venture pipeline, pre-incubation and start-up creation; WP2 Co-Lead – STEM programmes, I&E modules for students and staff, train-the-trainer packages)
- Erasmus+ KA131 Higher Education Mobility: Quotas 2026 (Mobility of students, teachers and staff)
- Erasmus+ Alliances for Innovation, Lot 3 STEM Foundries: GenAI Skills Foundry (WP5 Lead – Innovation maturation, investor Demo & Review sessions, venture acceleration and spin-off pathways; WP3 Co-Lead – Digital Learning Factory, LMS and AI-tool integration via AIatWork platform)
- Erasmus+ Higher Education (NA Poland): GreenFinLearning (WP5 Lead – Dissemination and promotion; WP3 Co-Lead – GreenFin Platform; methodology and training for students)
- Erasmus Virtual Exchange in WB: CASI-Balkans (Student engagement and mobilization, training of VE mentors, co-creation of VE modules)
- Erasmus Virtual Exchange in WB: RE-ACT – Resilience, Engagement & Action through Civic Technologies (Online modules on civic tech, online hackathons, mentorship for civic tech solutions)

- Erasmus+ Capacity Building in VET in WB: Green Design Lab (WP3 Lead – curricula analysis, interdisciplinary module on green design and sustainable materials, guidance on AI tools for teachers and pupils, Climate Collage workshops in schools)
- Creative Europe – Skills and Talent Development: GAIM XR
- Horizon Europe Twinning: ExactAI

Во наредниот период, Бреинстер Некст ќе продолжи да ја унапредува меѓународната соработка и да развива нови партнерства со високообразовни институции, организации и компании, со цел да обезбеди поголем број можности за академски развој, мобилност, практично искуство и учество на студентите и наставниот кадар во европски и меѓународни проекти.

5. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И АПЛИКАТИВНА РАБОТА

Во академската 2025/2026 година, Бреинстер Некст продолжи да го поддржува научноистражувачкиот и академскиот ангажман на наставниот кадар, со фокус на одржување на континуитетот во истражувачката работа и следење на современите научни и технолошки трендови.

Во споредба со претходната академска година, обемот на нови научноистражувачки активности и публикации беше поограничен, но институцијата продолжи да ја поттикнува вклученоста на наставниот кадар во релевантни академски и стручни иницијативи. Дел од активностите беа насочени кон теми поврзани со вештачката интелигенција, образовните технологии и примената на современи дигитални решенија во наставата и практиката.

Во текот на извештајниот период, покрај тековните истражувачки активности, беше задржан и континуитетот на видливост на претходно објавените и презентирани трудови на наставниот кадар во рамки на меѓународни конференции и научни публикации.

Во наредниот период, Бреинстер Некст ќе продолжи да создава услови за поголемо вклучување на наставниот кадар во истражувачки проекти, научни конференции, публикации и други форми на академска размена, со цел постепено зајакнување на научноистражувачката компонента во работењето на институцијата.

6. НОРМАТИВНА ДЕЈНОСТ

Во изминатиот период, Бреинстер Некст продолжи континуирано да го унапредува својот нормативен систем, со цел да обезбеди цврста и функционална правна рамка за работењето како високообразовна установа. Зајакнувањето на регулативите претставува

значаен предуслов за стабилност, правна сигурност и усогласеност со современите барања на високото образование.

Во текот на академската 2025/2026 година, беа донесени и ажурирани низа акти во согласност со Законот за високото образование, со што се создадоа јасни насоки и процедури за клучни сегменти од работењето на институцијата. Овие документи овозможуваат поефикасно, транспарентно и усогласено спроведување на образовните активности, како и подобрено управување со административните и академските процеси.

Во наведениот период беа донесени следниве акти:

- Нов прочистен текст на Правилник за чување на студентски досиеја
- Правилник за лица со посебни потреби
- Извештај за самоевалуација на Бреинстер Некст 2022-2025 година
- Упатство за уредување на процедурата за изработка, пријава и одбрана на дипломски труд на студиската програма Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии
- Нов прочистен текст на Упатство за уредување на процедурата за изработка, пријава и одбрана на дипломски труд на студиската програма Софтверско инженерство и иновации
- Нов прочистен текст на Правилник за изрекување на дисциплински мерки
- Нов прочистен текст на Правилникот за организирање и одржување на испитни сесии за редовни студенти на студиската програма Софтверско инженерство и иновации
- Нов прочистен текст на Правилникот за организирање и одржување на испитни сесии за редовни студенти на студиската програма Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии
- Правилник за меѓународна мобилност
- Правилник за родова еднаквост
- Правилник за инклузија и недискриминација

Октомври, 2026 година

Директор

М-р Анја Марија Макеска